Бр. 02-1158/24-1
25.12.2018 г.
Скопје

Согласно со членовите 2, 3 и 7 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 02-770 од 11.2.2011 година, бр. 02-712/19 од 3.11.2011 година, бр. 02-754/41 од 25.10.2012 година, бр. 02-965/7 од 28. 10. 2013 година, бр. 02-1192/5 од 31.10.2014 година, бр. 02-915/2 од 30.10.2015 година и бр. 02-844/19 од 6.11.2017 година) и Одлуката на Универзитетскиот сенат за распишување Интерен конкурс бр. 02-1158/24 од 25.12.2018 година, се распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## за распределба на средства за спортски активности и културни активности и манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2019 година

**1.** Учесници во спортските активности и културните активности и манифестации кои финансиски ги помага Универзитетот, се студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**2.** Спортските активности и културните активности и манифестации, како и доделените финансиски средства треба да се реализираат до крајот на календарската 2019 година.

**3.** Дел од приходите остварени од уплатените средства на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за информативни, информатички, културни, спортски и други активности, ќе се распределуваат врз основа на доставена програма/конкурсни проекти на субјектите кои ќе добијат приоритет, и тоа:

- одделно за проектите од областа културните активности и манифестации;
- одделно за проектите од областа на спортските активности.

**4.** Проектите што ќе конкурираат може да бидат организирани на ниво на универзитетски активности или на ниво на факултет.

**5.** Право да се јават на Конкурсот, како организатори на проектите од областа на спортот и културата, имаат факултетите, студентските собранија, здруженија и асоцијации на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје формирани согласно со закон.

**6.** Со пријавата на конкурсот се доставува и:

- доказ дека субјектот е универзитетска организација, здружение или асоцијација што се докажува со доставување на: тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија, статут и годишна програма за работа;
- програма за потреба од средства за спортски активности и културни активности и манифестации, а секој проект да биде опишан на начин и согласно со урнекот кој ќе биде доставен, кој е прилог на овој Конкурс.

**7.** Субјектите на кои им се прифатени проектите, доделените средства задолжително да ги трошат наменски за спортските активности или за културните активности и манифестации согласно со предлог - проектите.

**8.** Корисниците на средствата се должни до Универзитетот да доставуваат завршен извештај за потрошените средства во согласност со точка 7 од овој Конкурс, во зависност од динамиката на реализацијата на програмата.

**9.** Извештајот по овој Интерен конкурс се доставува веднаш по законскиот рок за поднесување годишни пресметки, а во него треба да бидат искажани:

- направените трошоци по ставки за секој проект поединечно согласно со програмата (фактури, фискални сметки и други релевантни докази),
- други елементи како доказ за наменско трошење на средствата.

**10.** Реализацијата на овој Конкурс ќе биде во согласност со одредбите од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**11.** Конкурсот се објавува на **31.12.2018** година и трае до **31.1.2019** година.

Потребните документи за учество на Конкурсот се доставуваат до Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бул. Гоце Делчев бр. 9, Скопје и на е-адреса: **ibogoevski@ukim.edu.mk**

Прилог на овој Конкурс се обрасците 1 и 2 со кои субјектите ги пријавуваат своите проекти.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *